ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: Николчо Николовски - претседател на советот, м-р Фаик Арслани, Емилија Илиевска, Лидија Неделкова и Шпенд Деваја - членови на советот, во правната работа на тужителот ТДПТУ Таири Петрит ПЕ-КОМ 2 ДООЕЛ Струга, против тужените Нуредин Аго и Хајредин Аго, двајцата од Охрид, за долг, вредност на спорот 909.233,00 денари, одлучувајќи по ревизијата на тужените изјавена преку полномошник Сузана Батковска, адвокат од Охрид, против пресудата на Апелациониот суд Битола ГЖ.бр.1666/16 од 19.10.2016 година, на седница одржана на ден 17.01.2019 година, донесе:

# П Р Е С У Д А

Ревизијата на тужените, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

## О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Струга со пресуда П4-253/15 од 24.03.2016 година, под I, делумно го усвоил тужбеното барање на тужителот и ги задолжил тужените солидарно на тужителот да му исплатат на име главен долг по основ на договор за пристапување кон долг склучен на 20.01.2015 година, вкупен паричен износ од 75.000,00 денари со законска казнена камата согласно референтната стапка на НБРМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за осум процентни поени, сметано од 20.07.2015 година до денот на конечната исплата, во рок од 15 дена по приемот на пресудата. Судот ги задолжил тужените на тужителот да му ги надоместат трошоците на постапката во вкупен износ од 37.265,00 денари, во рок од 15 дена по приемот на пресудата, а го одбил останатиот дел од бараните трошоци над досудениот износ до износот од 70.877,00 денари. Под II, судот го одбил како неосновано тужбеното барање на тужителот да се задолжат тужените солидарно на тужителот да му исплатат на име главен долг по основ на договор за пристапување кон долг склучен на 20.01.2015 година износ од 834.233,00 денари, со законска казнена камата во висина на референтната стапка на Народна Банка на Република Македонија што за секое полугодие важела на

последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за осум проценти поени, сметано од 20.07.2015 година до денот на конечната исплата. Судот го одбил како неосновано тужбеното барање на тужителот да се задолжат тужените солидарно да му исплатат на име камата за задоцнето плаќање на главниот долг по решение УПДР.бр.110/2012 од 04.04.2012 година на Нотар Станка Горичан од Охрид и договор за пристапување кон долг склучен помеѓу на 20.01.2015 година, и тоа: на износот од 57.308,50 денари, казнена камата во висина каматната стапка од операциите на отворениот пазар на Народна Банка на Република Македонија што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за десет проценти поени, сметано од 29.06.2011 година до денот на конечната исплата, на износот од 436.367,50 денари, казнена камата во висина на каматната стапка од операциите на отворениот пазар на Народна Банка на Република Македонија што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за десет проценти поени, сметано од 02.07.2011 година до денот на конечната исплата, на износот од 300.630,00 денари, казнена камата во висина на каматната стапка од операциите на отворениот пазар на Народна Банка на Република Македонија што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за десет проценти поени, сметано од 04.08.2011 година до денот на конечната исплата, на износот од 6.063,00 денари, казнена камата во висина на каматната стапка од операциите на отворениот пазар на Народна Банка на Република Македонија што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за десет проценти поени, сметано од 05.08.2011 година до денот на конечната исплата и на износот од 4.410,00 денари, казнена камата во висина на каматната стапка од операциите на отворениот пазар на Народна Банка на Република Македонија што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за десет проценти поени, сметано од 05.08.2011 година до денот на конечната исплата.

Апелациониот суд Битола со пресуда ГЖ.бр.1666/16 од 19.10.2016 година, ја одбил како неоснована жалбата на тужените и ја потврдил пресудата на Основниот суд Струга, П4-253/15 од 24.03.2016 година под I во делот на делумно усвоеното тужбено барање во став 1 и 2 и решението за трошоци во делот на усвоеното барање за трошоци во став 3. Судот ја уважил жалбата на тужителот и пресудата на Основниот суд Струга П4-253/15 од 24.03.2016 година во делот на одбиеното поголемо тужбено барање под II и решението за трошоци во делот на одбиеното поголемо барање за трошоци под I став 4, ја преиначил и пресудил на начин што ги задолжил тужените солидарно на тужителот да му исплатат на име главен долг по основ на договор за пристапување кон долг склучен на 20.01.2015 година износ од 834.233,00 денари, со законска казнена камата во висина на референтната стапка на Народна Банка на Република Македонија што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за осум проценти поени, сметано од 20.07.2015 година до

денот на конечната исплата, во рок од 15 дена по приемот на пресудата. Судот ги задолжил тужените солидарно на тужителот да му исплатат на име камата за задоцнето плаќање на главниот долг по решение УПДР.бр.110/2012 од 04.04.2012 година на Нотар Станка Горичан од Охрид и договор за пристапување кон долг склучен помеѓу на 20.01.2015 година и тоа на износот од 57.308,50 денари, казнена камата во висина на референтната стапка на Народна Банка на Република Македонија што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за осум проценти поени, сметано од 29.06.2011 година до денот на конечната исплата, на износот од 436.367,50 денари, казнена камата во висина на референтната стапка на Народна Банка на Република Македонија што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за осум проценти поени, сметано од 02.07.2011 година до денот на конечната исплата, на износот од 300.630,00 денари, казнена камата во висина на референтната стапка на Народна Банка на Република Македонија што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за осум проценти поени, сметано од 04.08.2011 година до денот на конечната исплата, на износот од 6.063,00 денари, казнена камата во висина на референтната стапка на Народна Банка на Република Македонија што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за осум проценти поени, сметано од 05.08.2011 година до денот на конечната исплата и на износот од 4.410,00 денари, казнена камата во висина на референтната стапка на Народна Банка на Република Македонија што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за осум проценти поени, сметано од 05.08.2011 година до денот на конечната исплата, се во рок од 15 дена по приемот на пресудата. Судот го одбил како неосновано поголемото тужбено барање со кое тужителот бараше за се задолжат тужените солидарно на тужителот да му исплатат на име камата за задоцнето плаќање на главниот долг по решение УПДР.бр.110/2012 од 04.04.2012 година на Нотар Станка Горичан од Охрид и договор за пристапување кон долг склучен помеѓу странките на 20.01.2015 година, и тоа на износот од 57.308,50 денари, казнена камата во висина каматната стапка од операциите на отворениот пазар на Народна Банка на Република Македонија што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за десет проценти поени, сметано од 29.06.2011 година до денот на конечната исплата, на износот од 436.367,50 денари, казнена камата во висина на каматната стапка од операциите на отворениот пазар на Народна Банка на Република Македонија што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за десет проценти поени, сметано од 02.07.2011 година до денот на конечната исплата, на износот од 300.630,00 денари, казнена камата во висина на каматната стапка од операциите на отворениот пазар на Народна Банка на Република Македонија што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за десет проценти поени,

сметано од 04.08.2011 година до денот на конечната исплата, на износот од 6.063,00 денари, казнена камата во висина на каматната стапка од операциите на отворениот пазар на Народна Банка на Република Македонија што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за десет проценти поени, сметано од 05.08.2011 година до денот на конечната исплата и на износот од 4.410,00 денари, казнена камата во висина на каматната стапка од операциите на отворениот пазар на Народна Банка на Република Македонија што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за десет проценти поени, сметано од 05.08.2011 година до денот на конечната исплата, а над досуденото. Судот ги задолжил тужените солидарно да му ги надоместат на тужителот трошоците на првостепената постапка во износ од уште 20.167,00 денари, во рок од 15 дена по приемот на пресудата, а го одбил како неосновано поголемото барање на тужителот за надомест на трошоците направени во првостепената постапка, за разликата од досудениот износ, до бараниот износ од 70.877,00 денари. Судот ги задолжил тужените солидарно да му ги надоместат на тужителот второстепените трошоци во износ од 47.139,00 денари, во рок од 15 дена по приемот на пресудата.

Против второстепената пресуда, ревизија изјавија тужените преку својот полномошник, поради сторена суштествена повреда на одредбите на парничната постапка и погрешна примена на материјалното право, како и против одлуката за трошоци, со предлог ревизијата да се усвои, побиваната пресуда да се преиначи на начин што ќе се одбие тужбеното барање на тужителот во целост, како и тужителот да се задолжи со парнични трошоци сторени во текот на постапката.

Врховниот суд на Република Македонија, по проучувањето на списите во предметот и наводите во ревизијата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на одредбата од член 377 став 3 од Законот за парничната постапка, најде:

Ревизијата на тужените е неоснована.

Наводот во ревизијата за сторена суштествена повреда од член 343 став 2 точка 14 од Законот за парничната постапка, е неоснован. Според наоѓањето на Врховниот суд на Република Македонија побиваната пресуда со која е преиначена првостепената пресуда во делот на одбиениот дел на тужбеното барање, е јасна и разбирлива, истата нема недостатоци и не противречи со причините дадени во образложението за таквото одлучување, поради што пресудата може во целост и со сигурност да се испита.

Неосновани се наводите во ревизијата за погрешна примена на материјалното право, ако притоа се има предвид утврдената фактичка состојба.

Имено, во текот на постапката било утврдено дека со решение УПДР.бр.110/2012 од 04.04.2012 година на Нотар Станка Горичан од

Охрид било дозволено предложеното извршување врз основа на веродостојна исправа и задолжен бил должникот ЗДПТУ Аго Декор ДООЕЛ увоз-извоз Охрид, на сега тужителот да му исплати пристигнато парично побарување во износ од 1.104.779,00 денари, со законска камата на поединечни износи опишани во изреката на решението, а трошоците на постапката биле определени на износ од 29.454,00 денари. Ова решение станало правосилно и извршно на 17.04.2012 година. По ова решение, должникот на сега тужителот му исплатил износ од 300.000,00 денари, но со оглед да не го исплатил долгот во целост, тужителот поднел барање за извршување до извршителот Иван Митаноски од Охрид, по кое бил оформен предмет И.бр.316/14 и на 27.06.2014 година бил издаден налог за извршување, со кој на должникот му било наложено во рок од 3 дена да му исплати на извршителот, во име и за сметка на доверителот вкупен износ од 804.779,00 денари, со казнена камата на поединечните износи како е прецизирано во налогот, како и трошоците определени во решението на нотарот. Со оглед да должникот ни во постапката за извршување не го намирил долгот, тужителот поднел предлог за отворање на стечајна постапка над должникот, по кој во Основниот суд Охрид бил оформен предметот СТ-290/14. Во текот на стечајната постапка по предлог на првотужениот кој е и управител на должникот, тужителот од една страна и тужените од друга страна, на 20.01.2015 година склучиле Договор за пристапување кон долг, со кој било договорено тужителот да го повлече стечајниот предлог против должникот, а тужените како пристапувачи солидарно да му го исплатат на тужителот долгот на должникот, трошоците на кои се изложил тужителот при поведување на постапката пред нотар, извршител и Основниот суд Охрид, со тоа што утврдиле дека тужените ќе му исплатат вкупен износ од 909.233,00 денари, од кои износ од 804.779,00 денари главен долг, 29.454,00 денари трошоци утврдени со решението на нотарот и 75.000,00 денари трошоци направени во стечајната и извршната постапка. Договорните страни предвиделе исплатата на долгот од страна на тужените да се изврши во рок од 6 месеци од склучувањето на договорот, најдоцна до 20.07.2015 година, а доколку задоцнат со исполнување на обврската, доверителот да може по судски пат да го побарува неисплатениот износ од тужените како солидарни должници, како и да ја побарува каматата за задоцнето плаќање на поединечните износи определена во решението на нотарот. Тужителот постапил согласно договорот, односно го повлекол предлогот за поведување на стечајна постапка над должникот, но тужените не постапиле согласно договорот, а ни должникот не го намирил долгот, поради што е поднесена предметната тужба.

На основа на вака утврдената фактичка состојба, Врховниот суд на Република Македонија наоѓа дека второстепениот суд правилно го применил материјалното право кога повикувајќи се на одредбата од член 439 од Законот за облигационите односи застанал на стојалиште дека тужените се во обврска солидарно да му исплатат на тужителот долг во износ од 834.233,00 денари и камата за задоцнето плаќање врз основа на договорот за пристапување кон долг склучен со тужителот како доверител.

Согласно член 439 од Законот за облигационите односи, („Службен весник на РМ" бр.18/01...161/10), со договор меѓу доверителот и трет, со кој овој се обврзува спрема доверителот дека ќе го исполни неговото побарување од должникот, третиот влегува во обврска покрај должникот.

Подведувајќи ги утврдените факти под цитираната законска одредба, според наоѓањето на Врховниот суд на Република Македонија правилно е стојалиштето на пониските судови дека во конкретниот случај се исполнети законските претпоставки за настанување на облигационо-правен однос со пристапување кон долг. Ваквиот заклучок произлегува од утврденото дека во конкретниот случај со договорот за пристапување кон долгот кој должникот ЗДПТУ Аго Декор ДООЕЛ Охрид го имал спрема тужителот, тужените се обврзале на тужителот да му го платат преостанатиот неплатен главен долг и трошоците по правосилното и извршно решение на нотарот, настанатите трошоци за поведување на постапката за извршување и на стечајната постапка предизвикани поради неисполнувањето на обврската на должникот по решението на нотарот, како и да платат законска казнена камата на поединечните износи определени во решението на нотарот доколку не ја исполнат оваа обврска. Оттука, со оглед на ваквото дејство на склучениот договор меѓу странките, произлегува дека настанала промена на страната на должникот во облигациониот однос што постои помеѓу тужителот и неговиот должник, која промена нема влијание врз полноважноста и постоењето на облигациониот однос во кој се случила. Тоа значи дека со настанувањето на овој договор, должниковата обврска спрема доверителот не престанала туку тужените како трети лица влегуваат во обврска покрај должникот ЗДПТУ Аго Декор ДООЕЛ Охрид да ја извршат должниковата обврска спрема доверителот. Воедно, како положбата на должникот не се променила со договорот за пристапување кон долг, туку покрај него пристапуваат нови должници, произлегува дека за склучувањето на договорот не била потреба согласност на должникот.

Во оваа насока, Врховниот суд на Република Македонија ги оцени како неосновани ревизиските наводи дека тужителот се стекнува со две извршни исправи на кој начин се овозможува двојна наплата на еден ист долг, а со оглед дека постапката за извршување против должникот е во тек. Ова пред се ако се има предвид дека со договорот за пристапување кон долг се воспоставува пасивна солидарна одговорност на третото лице со должникот во исполнувањето на побарувањето на доверителот. Така во конкретниот случај, тужените како трети лица кои пристапиле кон долгот, имаат солидарна одговорност со должникот ЗДПТУ Аго Декор ДООЕЛ Охрид, што значи дека секој од нив е должен да ја исполни целата обврска, а пак доверителот е овластен од секој од нив да бара исполнување на целата обврска. Оттука, во смисла на член 402 став 1 од Законот за облигационите односи, доверителот може да избира од кого ќе бара намирување на своето побарување, односно тужителот-доверител може да го наплати своето побарување од должникот или од тужените како пристапувачи, или дел да наплати од должникот, а дел од пристапувачите, така што не постои можност тужителот двојно да се намири за истиот долг, бидејќи исполнувањето на

обврската од било кој солидарен должник доведува до престанување на солидарниот облигационен однос, односно сите должници се ослободуваат. При ваква состојба, правилно второстепениот суд заклучил дека во конкретниот случај тужителот и покрај тоа што веќе го насочил исполнувањето на побарувањето спрема должникот во постапка за извршување, истиот има право да бара истовремено и од тужените исполнување на побарувањето во оваа постапка, со што не се доведува во прашање можноста за двојно намирување на истиот долг, бидејќи облигациониот однос ќе згасне кога некој од солидарните должници ќе ја изврши обврската на доверителот. Следствено на наведеното, овој суд наоѓа дека правилно е правното стојалиште на второстепениот суд дека постои солидарна одговорност на тужените спрема тужителот како доверител за исплатата на паричното побарување врз основа на договорот за пристапување кон долг во смисла на член 439 во врска со член 402 став 1 од Законот за облигационите односи.

Поради наведеното, следуваше ревизијата на тужените да се одбие како неоснована, согласно член 384 став 1 од Законот за парничната постапка.

Пресудено во Врховниот суд на Република Македонија на ден 17.01.2019 година, под Рев2.бр.223/2017.

Претседател на советот - судија
Николчо Николовски с.р.

За точноста на отправокот – т в р д и:секретар,